Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 15.12.2022 година ја донесе следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на ИОРРСМ за 2023 година

1. Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година, се изработува врз основа на надлежностите на ИОРРСМ уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021) и Статутот на ИОРРСМ.
2. Во текот на 2023 година, ИОРРСМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2023 година. | Прво тримесечје на 2023 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2022 година. | Прво тримесечје на 2023 година |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2023 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2023 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување, практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 6. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |

*На 16.01.2023 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година*

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Донесување на годишна и тригодишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Прво тримесечје на 2023 година |
| 8. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 9. | Објавување во ‵Службен весник на РСМ‵ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC[1]. | Зависно од периодот кога ќе се донесе новиот Закон за ревизија, и одредбите поврзани со објавувањето. |
| 10. | Објавување во ‵Службен весник на РМ‵ на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Зависно од периодот кога ќе се донесе новиот Закон за ревизија, и одредбите поврзани со објавувањето. |
| 11. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 12. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 13. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите поради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 14. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 15. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |
| 16. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2023) |

[1] International Federation of Accountants - IFAC

| | |
|---|---|
| 17. Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2024 година. | Четврто тримесечје на 2023 година |

4. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРСМ**

*На 16.01.2023 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година*